**20241422466**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 од Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите и за ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/93) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГУВЕРНЕР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

1. За гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој се именува м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии.
2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, бр. 44-8020/1 од 3 септември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/20).
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5708/3
5 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.